In depth columns

# DIGNITY

## Written in resistance

Збирка од 22 колумни издадена од Форум за образовни промени.

FECH Forum for Educational Change

NED National Endowment for Democracy
Supporting Freedom Around the World

©2026 Форум за образовни промени
(Forum for Educational Change), National Endowment for Democracy (NED)

Издавач: ФОП - Форум за образовни промени

Главен и одговорен уредник: Ардит Рамадани

Дизајн: Рина Абдулаи

*The publication "IN DEPTH columns" has been produced with the support of the National Endowment for Democracy (NED) as part of "Promoting Youth Engagement in Accountability of Public Institutions" project.*
*Its contents do not necessarily reflect the official opinion of NED. Responsibility for the information and views expressed in this publication lies entirely with the author(s).*

# Студентите со попреченост во универзитетските лавиринти

Градби кои се распаѓаат, покриви кои пропуштаат дожд (кој потоа хигиеничарките го собираат во кофи, секако во дослух со врвните технолошки достигнувања и деновиве актуелната дигитализација), недоволно предавални, предавални без соодветна опрема и тоалети чија состојба е колку згрозувачка, толку и загрозувачка за оние што ги користат – ова се само дел од елементите што ја сочинуваат сликата за државните универзитети, која верувам дека ја споделуваме сите кои имаме каков било контакт со нив, или барем со УКИМ, бидејќи само за него можам да зборувам од лично искуство. Ако овој опис не изгледа доволно ужасно за секојдневното функционирање на кој било студент (макар што не делува ништо попријатно ниту за професорите, ниту за администрацијата), можете да замислите колку е покомплексна ситуацијата за студентите со попреченост.

Во оваа прилика нема да зборувам за статистички податоци, затоа што тие веќе кружат низ дигиталниот простор во вид на колумни напишани на мал број социјално одговорни платформи, од типот на Радио МОФ, така што заинтересираните, можат да ги погледнат. Но, статистиката е добра точка за почеток, затоа што барем на статистичките листови на УКИМ не постои никаква категоризација на лица со попреченост, иако се прилично детално изработени, со исклучително релевантни прашања, од типот на работните позиции на двајцата родители на студентот. Всушност, овој лист кој секој студент го пополнува на почетокот од секоја академска година, мора да се пополни рачно, впрочем како и сите останати документи, но со оглед на тоа што нашиот „најстар и најголем универзитет" очигледно не го признава ниту статистички постоењето на лица со посебни потреби, веројатно нема потреба ни да размислува како ова тие би го извеле. Притоа, тука не станува збор за изнаоѓање конкретно решени во дадени моменти, туку за отсуството на системски стратегија. Моето движење низ бирократските лавиринти на УКИМ помина воглавно непречено, но тоа се должеше на студирањето на Катедрата за општа и компаративна книжевност, прогресивна и релативно мала катедра, кон која гломазниот и нефункционален систем на универзитетот погледнуваше исто толку често, колку и кон сите маргинални појави во него, вклучително и лицата со попреченост, односно речиси никогаш. Но,

надвор од ваквите меури, каде што функционален систем се создава „надвор од системот“ благодарение на индивидуите што ги заземаат, не постои институционален пристап кон студентите со посебни потреби. Тоа, пак, е проблем, затоа што политиките на една институција не може да зависат од индивидуалните постапки и случајните среќни околности, туку од однапред формулирани стратегии, каде што нема студентите со попреченост да зависат од добрата волја на оној на кој случајно ќе наидат, туку ќе може да се потпрат на системот. Ако ги погледнете овогодишните конкурси на УКИМ за запишување на студенти, ќе забележите дека студентите со попреченост, односно нивното право за ослободување од школарината се споменати само во конкурсот за прв циклус студии, додека се целосно испуштени од конкурсите за втор и трет циклус, иако се имплементирани доколку студентот со попреченост отиде и ѝ ја покаже на администрацијата одлуката на Владата донесена пред две и пол години.

Уште многу нешта може да се кажат на оваа тема, но излишно би било, во вакви околности, да се дискутира дали ова претставува интенционално прикривање на информации, при што би зборувале за најотворена дискриминација, или е само уште еден одраз на нефункционалната бирократија, затоа што односот на институциите кон студентите со попреченост е во обата случаи евидентен. Оттука, наједноставното свртување на погледот на универзитетите кон нивните студенти со попреченост би било првиот чекор кон каков било напредок, но истовремено и прелиминарен услов за секој универзите кој претендира да биде во тек со современите образовни институции во светот.

**КРИСТИЈАН СТЕФАНОВСКИ**

# Студентско движење: прво преку граница

Се викам Мила Коруновска, студирам на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и за брзо ќе ја завршам мојата четврта година. На факултет одам секој ден, пеш или со автобус. За скоро најверојатно пеш ќе ми е единствената опција, слушаме како ќе се укине мерката за бесплатен јавен превоз за студенти во главниот град. Па уште малку ќе уживам во моите омилени активности: чекајќи барем 20 минути на постојка, иако пишува дека дури 3 автобуси треба да поминат во тоа време, туркајќи се меѓу сиот метеж со цел да влезам во автобусот, туркајќи се да излезам од него штом пристигнам до саканата дестинација (ако луѓето се доволно фини да дозволат да се пробијам, ако не, продолжуваме до наредна постојка). Нашите автобуси се навистина многу ажурни, понекогаш дури и пред време стигнуваат, доколку му се брза на возачот, се разбира. Иако на распоред (на веб-страницата, на мобилната апликација, на втората мобилна апликација) стои една сатница, доколку случајно нема премногу метеж уживаме во брзо возење со нагло кочење и пред време ја достигнуваме нашата крајна дестинација. Ако случајно сте го пресметале времето според објавениот возен ред, за жал ултра-брзите скопски автобуси често ќе ви поминат пред нос, а на вас останува да го чекате наредниот (ако воопшто дојде). ЈСП работи на принцип на изненадување – никогаш не знаеш што ќе добиеш.

Но не е сè толку црно – чекајќи на постојка и возејќи се секојдневно се заштедува многу време! Сега можам колку сакам да ги прелиствувам истите 3 социјални мрежи и да ја држам в раце книгата што се убедувам веќе 2 недели да почнам да ја читам.

Се викам Мила Коруновска, родена и израсната сум во Охрид, а последниве 4 години ги поминав во Скопје. За да се вратам дома во Охрид, главната опција се 3-4 часа со стар автобус по феноменалната цена од околу 900 денари (само за студенти). Сите знаеме дека студентите често имаат по некоја 1000-ка вишок, па лесно е да се стигне дома. Ако не си студент (или ако индексот ти е задржан во студентска служба), истото патување ќе те чини многу поволни 1400 денари. Другата опција ми е „мамо тато, ве молам земете ме“ или „baram 1 slobodno mesto ohrid – skopje za petok po 16:00“. Со други зборови, нема

простор за грижи – меѓуградските автобуси се секогаш тука да ви понудат незаборавен пат по многуте кривини и ексклузивниот автопат Охрид – Кичево што се гради со години. Изгледа надлежните вложуваат сè за да го направат што е можно подобар, па еве веќе подолго од деценија е во изградба.

Но не е сè толку црно – убавите пејсажи се вистински рај за очи, а дупките по патот надоместуваат за недостатокот на забавни паркови од нашите детства.

Се викам Мила Коруновска, 18 години од мојот живот безгрижно уживав дишејќи воздух, дури и здраво за готово го земав. Загаден воздух беше само концепт со кој нè плашеа како мали. „Вози велосипед“ на хамер во училница и садење дрвца за Денот на дрвото беа придружни мигови на детството, а не вистинско оружје против аерозагадувањето. Затоа сега, веќе четврта година скопскиот воздух ми ги сече градите и насолзува очите. Престолнината на планинска Македонија со години ги кити листите на топ 10 (топ 5 во полошите случаи) најзагадени градови во Европа и светот. А граѓаните траат. Си изгласуваат градоначалник по градоначалник, ќе излезат на некој протест, ќе напишат некоја пасивно-агресивна статија. Во меѓувреме, здив по здив сите се загушуваме.

Но не е сè толку мрачно – одвреме навреме кога ќе се развееат маглата и смогот, добиваме и по некој сончев ден. Само така учиме како да се ценат нештата, кога се ретки и кога не се знае колку долго ќе траат.

Се викам Мила Коруновска, родена сум во Охрид, Македонија, а студирам и живеам во Скопје. Претходниот семестар покрај редовната партиципација за факултет од 6150 денари, платив дополнителни 3000 денари за останати „трошоци“. Среќа што сум корисничка на стипендија, па можам остатокот да го покријам на тој начин. Патем, ја имам среќата да студирам на најстариот, најважниот и најдобриот универзитет во државата. А фактот што е најстар се гледа на неколку полиња, омиленото ми е како сè уште сме доследно приврзани за традиционалните хартиени пријави и физички индекси. Не само тоа, со целосно функционален дигитален систем, УКИМци си ги претпочитаат хартиите што претставуваат и дополнителен трошок, и дополнително загадување на животната средина.

Но не е сѐ толку црно – впрочем, на овој начин ги оживуваме обичаите и се поврзуваме со минатото. Со секое пополнување пријава, чекање бескрајни редици во студентските служби и бркање професори за оценка се чувствувам навистина поблиска со татко ми, кој кога студирал во 90-тите ги имал истите обврски.

Се викам Мила Коруновска, активно барам програми за постдипломски студии во странство, а иднината не ми е бистра ни тука, ни надвор. Рака под рака со илјадниците млади што веќе си ги спакуваа куферите, ја преминаа границата и избраа да ја плаќаат цената на туѓина, непознатост и потенцијална осаменост – наместо цената на воздух што нѐ души, образовен систем што нѐ краде, патишта што нѐ убиваат и транспорт што се граничи со непостоечки.

Се викам Мила Коруновска, чиста случајност е што сум родена во Охрид, Македонија. Можев да сум родена во Скопје, во Берлин, во Њу Јорк или во Газа. И пак ќе пишував, и пак ќе имав што да кажам.
Се викам Мила Коруновска, последните 4 години од мојот живот ги поминав студирајќи во Скопје. Можев да ги поминам во Љубљана, во Ајндховен, во Франкфурт или во Загреб. И таму ќе пишував, и ќе имав што да кажам.

**МИЛА КОРУНОВСКА**

# Сите сакаат млади гласови - додека не прозборат

Се сеќавам кога првпат влегов на факултет. Немав ни тетратка, само едно пенкало. Имав чувство дека, дури и да ми ги дадеа сите одговори, немаше да знам што точно да прашам. Во мене – бунт. Надвор од мене – молк.

Мислев дека новинарството ќе ми ги отвори вратите. Мислев дека, ако научам да ја препознавам лагата, ќе можам и да ја спречам. Мислев дека, ако соберам доволно вистини, некој конечно ќе почне да слуша.
А денес? Денес гледам млади што студираат новинарство и им ја препознавам маката. Не онаа што ја носат затоа што немаат што да кажат, туку онаа што им ја всадиле со години: „Немој сега. Ќе дојде твоето време.“ Само што тоа време никако не доаѓа.

На пракса не ги пуштаат ни блиску до терен. Ако имаат среќа – ќе напишат соопштение. Ако немаат – ќе носат кафе и ќе гледаат како се пишува нешто што и самите знаат дека не е вистина. Потоа се враќаат на факултет, каде им зборуваат за објективност и јавен интерес. И се прашуваат – каде е тој интерес кога голем дел од нив се веќе „на нечиј список“?

Никој не им објаснува како изгледа стварноста. Никој не им кажува дека можат да зборуваат. Дека не треба да чекаат дозвола. Само им велат: „Почекај. Прво заврши. Прво научи. Прво влези во системот.“ А системот не ги чека нив – чека само да се скршат.

Јас сум била таму. Јас сум ќутела кога сум имала што да кажам. Сум се плашела да не испаднам „напорна“, „непокорна“, „проблем“. Сум прифатила да ми го тргнат прашањето од список. Сум била вработена со договор на дело, а сум работела со цело срце. Сум била, како што велат, „девојчето што премногу прашува“.

И не бев сама. Не сум ни денес. Затоа кога ќе видам студент или млада новинарка што ќути, ми доаѓа да ја фатам за рака и да ѝ речам: „Не е до тебе. До сите околу тебе е. И не си сама. Само продолжи.“

А зошто толку малку од нив знаат да препознаат лажна вест? Зошто веруваат во приказни со совршени насловни? Затоа што никој не ги учи. Никој не им кажува дека вистината не е само точна, туку понекогаш и здодевна. А лагата – секогаш шармантна.

Медиумската писменост не се учи од PowerPoint презентации. Се учи на терен. Од прашања што ќе ти ги забранат. Од приказни што ќе мораш сама да ги најдеш. Од моменти кога ќе ти кажат: „Ова не оди." А ти ќе кажеш: „Оди. Ако не кај вас – кај мене."

Затоа не можам веќе да ги гледам младите како се претвораат во молк. Им должиме повеќе од тоа. Им должиме простор. Не лажна шанса, туку вистинска. Не волонтерска пракса без повратна информација, туку менторство. Не: „Еднаш месечно ќе добиеш можност да пишеш сторија." Туку: „Твојата приказна е важна. Пишувај."

Не сакам да гледам уште еден дипломиран новинар како оди да работи маркетинг, не затоа што сака, туку затоа што нема каде. Не сакам уште една студентка да ми напише во порака: „Сакав да прашам, ама ми рекоа да не се замарам." Не сакам гласовите да се кршат пред да созреат. Сакам да ги слушам. Сакам да ги засилуваме.

Јас знам што значи да си млад и да не те слушаат. И знам што значи да продолжиш, иако некој друг постојано го стишува твојот тон. Затоа сакам овие редови да бидат ехо – за сите што сè уште не се слушнале.
Младите не се само иднината. Тие се сегашноста. Тие се веќе тука – со глас, со идеи, со стории. Само треба некој да им рече: „Ајде, почни. Тука сум."

**ТЕОДОРА ЦВЕТКОВСКА**

# Образование без граници

Моето образовно патување досега ме одведе низ три мошне различни контексти: гимназијата „Орце Николов“ во Скопје, Њујоршкиот универзитет во Абу Даби во Обединетите Арапски Емирати и универзитетот во Кембриџ во Обединетото Кралство. Секоја од овие институции на свој начин го обликуваше мојот интелектуален развој, но земени заедно, тие воедно ги откриваат и поширoките предизвици и можности за образованието во Македонија. Преку споредба на овие искуства, можеме подобро да разбереме што Македонија прави добро, каде заостанува и што може да научи од другите системи.

„Орце Николов“ со децении важи за една од најпрестижните гимназии во Скопје, со ученици кои редовно се истакнуваат и продолжуваат на престижни универзитети во странство. За време на моето школување таму, сведочев на големата посветеност на професорите кои работеа во услови на ограничени ресурси, застарена инфраструктура и скромни примања. Нивниот ангажман овозможуваше мотивираните ученици да постигнуваат одлични резултати и покрај системските ограничувања. Но училиштето воедно, до некаде, ги отсликуваше и најголемите слабости на македонското образование. Често се даваше предност на искажување на знаењето преку учење напамет наместо на критичко размислување; успехот најчесто се мереше со способноста на ученикот да ја повтори информацијата на тест, а не да ја анализира или интерпретира, и на тој начин да остане долготрајно во меморијата. Македонската наставна програма сама по себе е доста ригидна, каде доминираат испрашувања и тестови и ретко се отвора простор за интердисциплинарен пристап. За среќа, во Орце постоеја и постојат многу квалитетни професори кои размислуваа „вон кутијата“ и ми ја покажаа исклучителната важност на рационализирање и однесување по свој терк и со своја глава, со цел целосно обучување и создавање на академски силна личност. Креативноста, дебатата и решавањето проблеми ретко беа систематски поттикнувани во училницата — тие се развиваа најмногу преку лична иницијатива на професорите и надворешни активности, најчесто применети преку учество во неформалното образование кое за среќа во Скопје е во подем. Со други зборови, талентот успеваше и покрај системот, а не благодарение на него.

Најостар контраст почувствував кога започнав студии на Њујоршкиот универзитет во Абу Даби. Институцијата беше намерно дизајнирана да биде глобална, интердисциплинарна и насочена кон студентот. Наставата нагласуваше аналитичко пишување, независно истражување и отворен дијалог. Наместо да бидеме пасивни приматели на информации, како студенти бевме охрабрувани да критикуваме, дебатираме и придонесуваме. На скоро секое мое предавање не видов повеќе од десет колеги, а предавањата беа достапни за сите, без разлика на одбраниот факултет. Посебно трансформативно беше тоа што професорите беа достапни и инклузивни, а наставата често се засноваше врз колаборативни проекти наместо класични испити. Неретко се случуваше потполно да се тргне настрана планот на професорот, и да се започне дискусија за светските проблеми, да се разгледа академска студија од различни агли, или да се создаде дебата каде од секој се очекува да го пренесе искуството од својата матична држава. Глобалниот карактер беше уште една клучна одлика: студентите доаѓаа од повеќе од 120 земји, а програмите за размена беа составен дел од студиите. Па така, многу мои колеги учеа по семестар или два во Америка, Австралија, Европа или Азија, а јас успеав да учам во Вашингтон и во Акра, Гана. За студент од Македонија, каде меѓународната размена е ограничена, ова претставуваше исклучително моќно искуство.
Во Универзитетот во Кембриџ пак, наидов на сосема поинаква традиција — академска пракса формирана со векови, но и отворена кон современите предизвици. Особено значаен беше супервизорскиот систем, каде студентите се среќаваат еден-на-еден со професор за да ги дискутираат своите есеи или истражувања. Овие средби бараа јасност на мислата, оригиналност на аргументот и интелектуална независност. Тој ригорозен пристап ми помогна да ги изострам аналитичките вештини и да научам колку е важно да се брани својот став под критичко преиспитување. Покрај тоа, Кембриџ покажа колку е значајна институционалната култура: библиотеките, архивите и истражувачките центри беа добро финансирани и достапни, создавајќи услови кои ја поттикнуваат љубопитноста и истражувањето. Самата структура на градот, со епитетот „студентски,“ уште толку ја нагласуваше важноста на академската атмосфера како водилка и креаторка на знаењето која создава бранови на светската академска сцена.

Споредбата на овие три институции ја нагласува и силата и слабостите на македонското образование. Веројатно најважно е дека нашите училишта создаваат ученици кои се издржливи, адаптивни и научени да

постигнуваат со малку. Мислам дека токму затоа македонските студенти успеваат во странство. Но таа издржливост често ја маскира системската криза: застарени наставни програми, недоволно вложување во професорите, а со самото тоа и во учениците, ограничени можности за критичко и истражувачко учење и култура која го поистоветува образованието со „учење за оценка“. Како резултат, многу од најталентираните млади луѓе продолжуваат со образованието во странство, што го продлабочува феноменот на „одлив на мозоци“. Засега, решението на овој феномен ми останува непознато.

Лекциите и заклучоците од странство се повеќе од корисни. Од Њујоршкиот универзитет во Абу Даби, Македонија може да го преземе интердисциплинарниот пристап и глобалната насоченост. Проектната настава, можностите за размена и вклучувањето на студентите како активни партнери би можеле да ја ревитализираат наставата. Од Кембриџ, пак, можеме да научиме колку е важно да се негува длабочина на знаење и критичко мислење, поддржано со соодветни ресурси и менторство.

Ако Македонија сака да ги задржи своите млади и да го искористи образованието како двигател на развој, реформите мора да бидат насочени кон содржината и кон структурата. Следните примери се идеализирана верзија на тоа што би требало да се случи. Прво, вложувањето во обука на професори е неопходно, бидејќи токму тие се носители на секоја промена. Второ, наставните програми треба да станат пофлексибилни, да поттикнуваат аналитичко пишување, дебата и истражување уште од раните фази. Трето, партнерства со меѓународни институции можат да обезбедат размена и изложеност без нужното искоренување. Исто така, учењето мора да биде повеќе поврзано со реалните општествени проблеми преку практикантски програми, проекти и граѓански ангажман.

На крајот, моето патување од „Орце Николов“ преку Њујоршкиот универзитет во Абу Даби до Кембриџ ме увери дека образованието не е само пренесување знаење, туку обликување на начин на размислување. Најдобрите системи поттикнуваат љубопитност наместо конформизам, самодоверба наместо покорност и соработка наместо празна конкуренција. Македонија располага со талент и потенцијал во изобилство. Потребно е само храброст да се замисли еден образовен систем што ќе го ослободи тој потенцијал, не во странство, туку дома.

# „Мораш да имаш диплома!“: како суперегото ѓо легитимира академскиот поткуп

Имам навика секој пат кога ќе поминам покрај библиотека на тркала, да ги разгледам полиците и да се почестам по некое ново четиво. Пред две години, случајно наидов на мала колекција есеи од ракописот на Славој Жижек, инспирирана од неговиот неодамнешен престој во Скопје. Поттикнат од парадоксална случка, на рецепцијата во хотелот во кој престојувал, во „Пепелник во еден хотел во Скопје“, Жижек раскажува:

*„Во еден хотел во Скопје каде што престојував неодамна, мојата придружничка праша дали пушењето в соба е дозволено, а одговорот што го доби од рецепционерот беше исклучителен: „Се разбира дека не е, забрането е со закон. Ама имате пепелници во собата, па не е проблем“. Ова не беше крајот на изненадувањата: кога влеговме во собата, на масата навистина имаше стаклен пепелник, а на дното имаше едно сликиче, цигара врз која имаше голем круг со дијагонална линија преку него што означуваше забрана... Значи, ова не беше вообичаената тактика што се среќава во толерантни хотели каде што дискретно ви шепнуваат дека, иако официјално е забрането, може внимателно да пушите, стоејќи покрај отворен прозорец или така нешто. Контрадикцијата (помеѓу забраната и дозволата) отворено се претпоставуваше и со тоа се поништуваше, се сметаше за непостојна, т.е. пораката беше: „Забрането е, ама еве како се прави“.“*

Главниот мотив кој го шета читачот низ овие пет есеи е токму парадоксот произлезен од „Забрането е, ама еве како се прави“. Во нив, авторот се оддалечува од традиционалната и Фројдовска концепција на суперегото како морален глас кој забранува и го поддржува писхоаналитичкиот концепт на Жак Лакан „Мораш!“. Честопати ќе ги разлистам страните од оваа збирка по низа случувања во македонското општество, за полесно да ги препознаам манифестациите на суперегото во Лакановската смисла. Веќе, дури и уличните кучиња на булеварот Гоце Делчев се свесни на академската корупција во Македонија, која е далеку од аномалија или девијација во системот, напротив, ако извлечеме аналогија со пепелникот, таа е структурна последица на суперегоитичкиот императив што го претвора правото на образование во должност за диплома.

Оваа колумна, нема за цел да впери прсти никому, напротив како автор ќе се обидам да го управувам кормилото додека пловам во водите на императивот на суперегото во академски контекст, а тебе читачу те охрабрувам да бидеш критички настроен, читаш со отворен ум и слободно да не се сложиш со моето управување на бродот.

Па, ајде да почнеме...

Парадоксот „Забрането е, ама еве како се прави“ во академски контекст

Како и се друго во државата и академскиот систем цвета со правни механизми и законски забрани, од сите страни опколен со ригидни правила и процедури, јасни мандати и независна евалуација на процесот на акредитација. Сепак, теоријата и праксата дијаметрално се спротивставуваат кога ќе се земат статистиките предвид, како што се 20% од студентите кои признаваат изнудување мито за положување испит или фрапантните 13.413 огласи за продажба на дипломски, мастерски и докторски тези од Фејсбук пазарџиите во 2020 година.

Контрадикцијата помеѓу теоријата и работната пракса не се решава со нови закони и подобрена контрола, тука доаѓаме до структурен парадокс на систем во кој забраната и дозволата, законот и трансгресијата, коегзистираат како неразделни двојници. Ваквата структура ја одржува корупцијата како неизбежен дел од самата логика на системот. Како на пепелникот во Жижековата метафора, каде забраната за пушење и постоењето на пепелникот отвораат императив: „Забрането е, ама еве како се прави“, така и забраната на корупција во високообразовниот систем се спојува со начините за нејзина практична дозвола. Во тие две коегзистентни пораки, забраната и инструкцијата за прекршување на таа забрана, лежи болната вистина за академската корупција која не само што е прекршување на правилата, туку и потврда на структурата заглавена во еден парадокс.

Императив на суперегото „Дипломирај!“

Од морален глас на забрана, Жак Лакан го редефинира суперегото во садистички глас што наредува, и така, од класичната и Фројдовска порака „Не смееш!“, суперегото во современата култура екстремно инсистира „Мораш! Уживај! Никогаш не е доволно!“. Овој парадоксален императив Лакан го поврзува со општеството на прекумерна продуктивност и потрошувачка. Во академска смисла, ова значи дека

образовниот систем не те наградува за стекнатото знаење, туку те принудува на дипломирање како единствена мерка за успех. Во академски „дијалог“ суперегото транслира неколку главни пораки: семејството ти вели дека не смееш да останеш без факултет, пазарот на труд инсистира дека дипломата е задолжителна карта за вработување, а јавното мислење создава притисок да не останеш единствениот без диплома.

*Мораш да имаш диплома, не е важно како!*

Тука се јавува парадоксот на вината. Фројдовото традиционално рамниште, укажува дека суперегото создава вина кога ги кршиме забраните, пример „чувствувам вина ако лажам на испит“, додека лакановската верзија, вината ја враќа со обратен знак, односно „чувствувам вина ако не положам“, без оглед дали полагањето е чесно или во категоријата „...ама еве како се прави“ .

На крајот на краиштата, императивот „Мораш да имаш диплома!“ ја обликува академската култура како нерефлектирана машинерија за производство на дипломи, наместо динамична заедница за создавање и размена на знаење. Во таа машина, дипломата е хартиена потврда на само-репродуцирачките барања на системот, кој ја прифаќа и санкционира трансгресијата како неизбежна и дури како неопходна. Само преку преиспитување на оваа основна команда од императив за дипломирање кон поттик за вистинска желба за учење, може да се создаде простор каде студентот ќе се ослободи од парадоксалниот притисок и ќе почне да го искусува образованието како вистинска средба со знаењето и академијата.

Исклучување на „дригиот“: од поткрепено знање кон солипсистичка трансакција

При толкување на Жижек во академскиот контекст, носиме заклучок дека современата академска култура постепено го депримитивизира вистинскиот однос со „другиот“ и конвергира кон претворање на процесот на учење во самозадоволувачка солипситичка трансакција. Во овој случај „другиот“ е даскалот како идеал и медиум за трансформација пред и после факултет. Во таа рамка, прогресијата на корумпираните практики во високото образование може да се разгледа во четири фази:

1. Вистински академски однос („другиот“ е присутен)
   Во идеална академска средина, студентот и професорот се наоѓаат во дијалектрична размена: студентот доаѓа со отворен ум и се соочува со знаењето што го поттикнува да расте и да се трансформира. Според Лакан, средбата со радикално различното ни овозможува да влеземе во симболички поредок и да се формираме како автономни субјекти. Во оваа фаза, учењето не е средство, туку цел за суштински процес на внатрешно преобликување и раст. Ова е идеалот кој го нарекуваме образование без коруптивни практики.

2. Инструментализација („другиот“ како средство)
   Инструментализацијата е првиот чекор кон исклучување на вистинскиот однос. „Дугиот“ се сведува на средство за остварување на посакуваната цел – диплома. Знаењето престанува да биде вредност сама по себе, туку се претвора во валута за профит и моќ. Ова не значи дека под дифолт знаењето е исклучено. Инструментализацијата е децениски вкоренувана во вискообразовниот систем во Македонија преку низа примери, меѓу кои и уцената да се купи учебникот на предметниот професор, како услов за положување. Тука односот формално останува, но е изопачен зошто професорот не го споделува знаењето заради страст, туку го користи како средство за приход.

3. Директна трансакција („другиот“ е елиминиран)
   Откако односот преминува во чиста трансакција „другиот“ практично се елиминира, знаењето не постои и наместо него единствената размена е пари за оценка. Третата фаза е добро позната на државните и приватните факултети низ државата каде оценките се купуваат или договараат како „услуга“, која впрочем е сè, освен услуга.

4. Финална елиминација
   Процесот кулминира со фазата на купување на готови трудови и дипломи, што целосно ја отстранува потребата од односот со „другиот“. Оној што ќе купи готов труд или диплома од анонимна Фејсбук група е сам во извршување на чинот, иако 13.413 други луѓе го прават истото. Заедно, тие формираат заедница во тоа што сите ја споделуваат изолацијата од академското искуство и вистинските квалификации.

Секое ниво ја уништува претходната форма на средба, заменувајќи ја со механичка или пазарна трансакција, притоа тука од епизода на корупција, случајот прераснува во органско вградување на корупттивни практики во основата на системот. За да може да се врати интеракцијата со „другиот" во академскиот процес, мора да се прекине трансакцијата и да се врати вредноста на знаењето.

Идеологија на легитимизација

Механизмот на легитимизација е најлесниот начин да се утешиме дека не сме дел од системот кој затајува или дека самостојно нема да придонесеме кон промена па дури и да не практикуваме корумпирани практики. Ваквиот механизам во академската корупција функционира преку рационализација на неприродниот императив на трансакција наспроти реална заслуга и знаење.

Како студент, хипокритички би било да не почнам од себе: честопати рационализаијата тргнува од себеоправдување и избегнување на личната одговорност со изговорите дека не можев да научам, дека професорот не ме сака или дека ме паѓа иако се знам. Ова се најосновните изговори, кои навидум личат безопасно, но корупција е дури и прашањето кои теми би се паднале на испит. Поостар пример е претворањето на авторитетот на професорот во формална дозвола за корупција вадејќи се на изговорот „професорот ми побара". На врвот на оправдувањата стои колективната нормализација која го потиснува моралниот конфликт кога солипсистичката потреба од трансакција се гледа како универзален феномен под лепенката „сите го прават".

Сепак, студентите се најдолниот ред од оваа пирамида на легитимизација и рационализација. Главниот проблем е многу подлабок и лежи во рационализација на институциите преку статистичко минимизирање што ја прикажува корупцијата како маргинална аномалија и преку банализирањето на сериозноста на злоупотребата на моќ како „индивидуална слабост" на професорот или лицето во моќ, наместо структурен факт. Често, одговорноста се пресметува за одвлекување на вниманието од институционалните механизми кои ја таргетираат жртвата, односно студентот, како неселективна во соочување со неправдата преку изговорите „студентите не знаат како да пријават, а механизмите постојат".

Механизмите не само што не постојат, туку нивната фиктивност носи поголема штета отколку кога воопшто не би се ни спомenaле.

„Радикална“ трансформација на академската структура

Во академскиот контекст на Македонија, проблемот со корупција не се решава со антикорупциска едукација за каде и како се пријавуваат случаите, со воведување на нови закони и регулативи или строги инспекции и казни. Сето тоа спаѓа во техничка поправка на симптомите и не гарантираат промена на структурната димензија на системот. Со нив императивот „Важно да дипломираш!“ ќе продолжи да функционира како мотор на корупцијата. Природата на проблемот не е само сликата на лошиот професор, ленливиот студент и слабата институција, главниот проблем е легитимацијата што ја одржува корупцијата: универзитетите зависат од бројот на дипломирани, пазарот на труд бара диплома наместо знаење и вештини, студентите се принудени да се усогласат или ќе бидат целосно потиснати. Со ова дипломата се претвора во симулакрум, а академскиот интегритет приказна за мали деца.

Доколку системот го користи изговорот дека постои механизам за пријавување на корупцијата, притоа не постои механизам за заштита на студентот или студентите од злоупотребата на моќ по првичното пријавување, тогаш впрочем и не постои механизам за пријавување на корупција.

Оттука и патот кон структурната промена оди циклично како и фазите на прогресијата на коруптивните практики во високото образование, имеративот (принудата) треба да стане желба, а не обврска; трансакцијата да стане средба, а не обврска, враќајќи го професорот како „другиот“, притоа да предизвика раст кај студентот; и фетишот на диплома мора да се замени со знаење, вештини и критичко размислување. Со тоа фокусот не е на машинеријата за производство на дипломи, туку образовен простор за произведување квалитетен кадар и интегритет со структура која оди во интерес на студентите, академскиот дигнитет и општествениот просперитет.

Механичката должност наспроти интегритетот и одговорноста

Формалниот императив да се стекнеш со диплома ја потиснува одговорност на поединецот која треба да ја сноси преку личниот интегритет кога ќе се приклучи на пазарот на трудот. Оттука образовниот

систем гради општество сочинето од индивидуи кои не препознаваат корупција и продолжуваат со (свесно или несвесно) практикување на истата како природен феномен и социјално прифатена норма.

Парадоксот на пепелникот ја начнува суштината на систем што формално забранува, а практично овозможува корупција, тука универзитетите стануваат фабрики за дипломи наместо места за образување. Нови закони, инспекции и „надзори“ се површински мерки кои лечат само симптоми додека основниот императив „Мораш да дипломираш!“, како дијагноза, останува нетретиран.

Сѐ додека образовниот систем се движи од обврска кон диплома, а не кон квалитет, академскиот интегритет ќе остане симулакрум: пепелникот со забранетиот симбол ќе продолжи да стои на масата, очекувајќи да се искористи. Единствен излез е демонтирање на императивот што ја легитимира корупцијата и враќање на образованието како вистинска средба со знаењето.

**ДАМЈАН ЗЛАТАНОВСКИ**

# Апатичност или замор од системот?
# Студентот меѓу забавата и борба за достоинство

2025 година беше година кога на Балканот од корен се променија перцепциите за тоа кој може да донесува одлуки, да учествува во системот и да биде важен фактор во општеството. Најдобар и најблизок пример за тоа се студентските блокади и протести во Србија кои веќе една година активно ги исполнуваат страниците во светските и локални медиуми. Клучниот настан што ја движеше студентската побуна во Србија беше несреќата во Нови Сад, кога на 1 ноември 2024 година се урна настрешницата на новоизградената железничката станица и загинаа 15 лица. Настаните што следуваа после овој немил датум беа лекции за демократско дејствување од страна на српските студенти, потсетувајќи на најважните движења во светот, како движењето за човекови права во САД во 1960тите, или студентските протести во Тјенанмен, или повторно студентските протести во Србија против режимот Слободан Милошевиќ. Студентите во Србија со нивните блокади и демонстрации го разбудија заспаното српско општество, правејќи простор за искажување на незадоволство од системот на граѓани од сите возрасни групи во државата. Со ова, тие прикажаа три суштински вредности: храброст да се конфронтира посилниот; солидарност каде сопствениот комфор се става во втор план во интерес на општото добро; емпатија каде преку овие дејствувања, тие покажаа сочувство со семејствата и блиските на жртвите во несреќата.

Неизбежно се поставува прашањето за македонската страна – каде е македонскиот студент? Додека српските кампуси се претворија во арени на државнички битки, колективни побуни со сериозна општествена импликација, нашите студентски кампуси се насочени кон борба во форма на состаноци за собирање на трошките од државниот буџет. Да не бидам погрешно сфатен, студентскиот стандард е исклучително важно и болно прашање кое нè засега сите нас. Но, кога највисокото студентско тело на најголемиот универзитет во државата излегува со барање за зголемување на студентскиот оброк од 140 на 150 денари дневно, односно корекција од само 10 денари, и сето ова во историскиот момент во кој се наоѓа државата накратко после најголемата несреќа во историјата каде загинуваат 63 млади лица во Кочани како пропуст на системот во последните децении, тогаш таквата ''борба за стандард'' веќе не е само небулозна туку и срамна, затоа што ја игнорира колективната болка и уште еднаш го потврдува отсуството на вистинска студентска солидарност.

Да повторам, борбата за студентски стандард е секогаш легитимна. Секоја генерација со себе си ги носи проблемите и потребите од времето во кое живее. Но, досега, ниту една генерација нема потфрлено како нашата. Историјата не учи дека македонскиот студент секогаш знаел да биде авангарда, и младите успешно ги земале работите во свои раце во моментите кога тоа било потребно. Но, денешната студентска слика е комплетно различна – наместо обработка на темите кои доликуваат на модерниот млад човек, како: климатски промени, инклузија, младински политики, квалитет на студентското искуство во целост и слично, има чувство дека фокусот на движењето се става врз банални работи како студентски giveaways, панел дискусии на кои местото кое припаѓа на младите се дава на веќе истакнати политички/социјални фигури, студентски забави и екскурзии.

Но, целата дискусија нема да има смисла ако не ја признаеме суровата вистина: проблемот е во институциите, но тој е и во сите нас. Проблемот е што ја изгубивме солидарноста, граѓанската одговорност ја заменивме за личен комфор и престанавме да се однесуваме како заедница. Државата не ни е изградена од луѓе што барале ситни бенефиции, туку од храбри луѓе кои ја сфатиле нивната улога во моментот во кој се наоѓале. Денес, нашето делување е обратно пропорционално од околностите и можностите што ги имаме. Денес, имаме поголема слобода од било кога во историјата, а помал глас. Денес, ние бараме нов систем, без притоа да му се спротиставиме на сегашниот.

Доколку ние не дејствуваме одговорно за иднината, нема никој друг тоа да го направи за нас. Време е да македонскиот студент престане да бара 10 денари повеќе и да започне да бара повеќе, а тоа е достоинство, вредности и систем кој ќе овозможи здрав и хуман живот, дома. Она што недостига не се идеи, туку храброст да се застане зад нив.

**ИГОР СТОЈКОВ**

# Летот кон поперспективна иднина

Миграцијата на птиците преселници е условена од нивниот генетски вроден нагон и од нивната ендогена навигациска способност. При промена на временските услови и со наближувањето на есенските денови, птиците се собираат во јата и минуваат илјадници километри за да ја поминат зимата во потоплите краишта. Пред да започне преселбата нивниот метаболизам се менува, ја складираат својата енергија и физиолошки се прилагодуваат за прекуграничните маршути кои не се нималку лесни за нив.

Фасцинирана од овој природен биолошки феномен на кој му сведочиме секоја година и нивното повторно враќање во пролет, увидов метафорична симболика во денес толку актуелната тема „Одлив на мозоци "– преселбата на младите талентирани луѓе. Нагонот кај овој социјален феномен е поттикнат, условен од нефункционалноста на нашето општество, условен од студената клима во која треба професионално да се развиваме, условен од инстинктот во потрага кон поперспективна иднина. Прашањето кое се поставува е дали нивното враќање во сопствените гнезда е возможно, кога заминувањето станува неизбежна одлука, закодирана во самата ДНК на генерациите што доаѓаат.

Одлив на високообразовани кадри, егзодус на квалификувани професионалци, интелектуална емиграција, губиток на таленти, намалување на квалитетот на човечкиот капитал, неискористен студентски потенцијал. На кој начин и да го дефинираме и опишеме феноменот „Одлив на мозоци" во генезата на проблематика е неможноста една млада личност професионално да се етаблира во својата родина. Одливот на мозоци генерално се јавува во два контекста. Прво, значителен број луѓе кои одат во странство да студираат не се враќаат во својата земја откако ќе завршат со образованието. Другиот тренд е растечката емиграција на високостручен кадар што води до промени во работните квалификации и создава негативни влијанија врз економскиот развој и научно-истражувачката дејност. Бројките пак велат Македонија се наоѓа во топ 20 земји во светот со најголема емиграција во странство, додека според проценките на Светската Банка, речиси 40% од високообразовниот кадар ја има напуштено државата.

Според Индексот на одлив на мозоци на Global Economy, државата е на високото петто место меѓу европските држави, а проценките покажуваат дека во периодот 2013-2021 година од државата просечно годишно мигрираат по околу 2.500 високообразовани кадри. Квантитативно, се одразува и економскиот дисбаланс како последица, бидејќи државата вложува по неколку милијарди денари од годишниот БДП во кадри кои потоа заминуваат.

Во стратегиите, резолуциите и акциските планови, дури и во наративите на носителите на одлуки, прецизно се таргетираат целите, мерките, активностите за намалување на емиграцијата на високообразовани кадри и потребата од ефективни политики. Но, недостатокот од реална промена и имлементација само дополнително го потврдува поривот за самореализација и придонес на друго место.

Земајќи ги предвид економските детерминанти, ограничените професионални можности, институционалните слабости, партиските вработувања, длабоко вкоренетата корупција – „летот во еден правец" не станува само физичко преминување на граница, туку диктиран пат од средината која не понудила простор за раст. Да твориш и создаваш во сопствената држава станува предизвик кога реформите се краткотрајни, кога праксите се неплатени, кога треба некаде некогаш да имаш свој човек кој ќе го подбутне процесот на вработување.

Дилемата на прашањето „Каде се гледаш – тука или надвор?" често поставувана од страна на возрасните, дополнително ја легитимира егзистенцијалната неизвесност, дури и сосема несвесно наведува во кој правец би требало да ја гледаме сопствената иднина. Затоа, предизвикот не е само да се поттикнат младите да останат, туку да се изгради систем во кој самите би го вложиле своето знаење и труд.

Додека не создадеме средина во која топлината на можностите, правдата и напредокот е посилна од мразот на разочарувањето, гнездата ќе останат празни, а небесното синило без своите таленти кои ги имаме во изобилство.

**ЈАНА АНДРЕСКА**

# Доцен капитализам, рано прегорување

Кога Бретон кажал дека убавината мора да биде грчевита или ќе ја нема, сигурно не мислел на состојбата на константен стрес за да се достигне работна позиција која ќе ни плаќа само пола кирија или пак, искуство кое изгледа добро на CV (а всушност е неплатен труд), за да се добие поголема доверa кај наредниот работодавец.

Да се пишува на младинска тема како прегореност од мој POV станува сè потешко со оглед на тоа дека под а) одамна не сум студентка и под б) спаѓам под млади луѓе во зависност од географија и различни национални закони и верувајте, тој обрач станува сè потесен и потесен. Сепак, не можам, а да не препознаам различности, а малку сличности меѓу студентите денес и студентите пред десетина години.

Можеби најголемата разлика е тоа што мобилните телефони не беа технолошки развиени како денес, па си измислувавме креативни начини да ги преживееме досадните предавања, а уште поважно, не наидувавме на некоја поинтересна можност за студентска размена, волонтирање, стажирање, дообразување, односно немавме доволно пристап до можностите што денеска демнат зад секој нареден клик ако добро го воспиташ својот мал алгоритам. Рака на срце, за скратените можности не беше виновен интернетот, колку што за тоа беше виновна недоволно развиената државно-граѓанска инфраструктура што треба да им помогне на младите (нешто што прогресираше последнава декада, ако не од умни реформи, тогаш од глобализацијата и дигитализацијата). Кога станавме матуранти/ бруцоши и до нас стигна  некоја многу ограничена форма на Инстаграм и на раат објавувавме по некој нефилтриран basic самослик кои денес би бил причина за социјално самоубиство, а објавите со безбројните животни успеси на знајни и нејзнајни следбеници беше далеку од нашата реалност. Слично беше тоа што милениумците беа хроничен виновник за сè што пропаѓа во светот, како сега Gen Z. Годините поминуваа(т), а ние го живее(в)ме синдромот на продолжена младост освојувајќи ги животните слободи и цели поспоро од вообичаеното. 30тите се новите 25ти, powered by нашата земја. Нејсе.

Денес, можностите се насекаде и постојаните повици и конкурси прават FOMO. Доцниот капитализам измешан со глобалното село создадено од интернетот, направи младите да чувствуваат дека подобра шанса се крие

во следната, следната, следната, не следната објава. Но, многу често, отворените можности и вечното самонадградување може да доведат до прегорување. Или до пензионерски дом за прегорени млади во Малазија.

Свесна за една ваква ситуација, решив да не филозофирам и да искористам џокер повикај пријатели – психологот Кирил Тројачанец, студентката по психологија Милена Качаниклиевска и апсолвентката Ангела Бошкоска за да можам да навлезам во суштината на проблемот со прегорувањето, одбегнувајќи ја опасноста текстов да добие „ама чекај сега јас да ти кажам" vibe.

Милена почнува да зборува на темата, раскажувајќи ја реалноста како да пишува дистописки роман: „нервниот систем на некој начин ни гори бидејќи сме свесни за светот во кој што живееме, односно кога има политичка нестабилност, некој тип на економски колапс и се предвидува и еколошки катастрофи, го имаме и моментот каде што AI ги презема сите работни места, не знаеме дали и кои ќе бидат работните места на иднината што е всушност она што ја прави нашата апликација конкурентна во време кога за едно работно место може да се аплицира од сите страни на светот".

Милена продолжува дека прегорувањето е сè почесто кај младите луѓе, посочувајќи дека и таа се наоѓа во свој меур на амбициозни млади, каде што нејзината перспектива е донекаде филтрирана, па на социјалните мрежи се конзумираат содржини на хиперуспешни претприемачи и фитнес инфлуенсери и постојано се споредуваат со нив.

„И кај нас се раѓа тој страв за неисполнет потенцијал и страв од неуспех, а сега живееме во некое глобално општество и сè ни е достапно на дланка, меѓутоа колку ние треба да дадеме за да стигнеме до тој свет, да се дограбаме до него?", дополнува таа.

Секоја дистопија си носи со себеси некаков вид на „пропаганда", а во овој случај мислам дека тоа се риловите за hustle, своевидни микропластики за душата. Инаку според податоците во склоп на Националната стратегија за ментално здравје за млади 2024-2026, 89% од младите имаат пристап до Интернет, вкупно 62% од младите се изложени на некои ризици на Интернет (hustle reels, меѓудругото), а дури три од четири млади во изминатата година се соочиле со страв од неуспех (74%).

И додека со Кирил разговаравме на тематикава, и како степенот на прегореност е право пропорционален со растечкото рацио за менталното здравје кај младите, Кирил кажува нешто револуционерно: „Мора да се внимава што се конзумира од средината, од аспект на, пропаганда, но не мислам на класична пропаганда, туку сè што ни се пружа на нас на интернет, во околината, како барања од општеството, очекувања, што многу често се нереални слики“.

„Еве ако зборимe за инфлуенсери, тоа се идилични слики, таму се претставува слика каде човек е преубав, преуспешен, успешно гледа деца и не знам уште што умее успешно да прави, тоа е една нереална, идилична слика која многу често се зема здраво за готово, без некој филтер, дури на несвесно ниво“, се надоврзува тој.

Кирил посочува дека модерниот начин на живот, општествените побарувања, уредувањето, капитализмот, си го зема своето, па Gen Z не е поштедена од прегорување.

„Еве и нашава генерација (миленијалци), го чувствува баш тој бран на ‘едно сме учеле, едно сме очекувале’, а светот е малку поинаков и сега многу често приметувам дека нашата генерација се зема сè повеќе работни обврски, повеќе работи одеднаш работат некаде, па сега има некоја поголема нестабилност, поголема неизвесност и финансиските услови се поинакви“, вели тој.
Ангела споделува дека моментално, ако не сите, тогаш 95% од колегите од генерција имаат работни места, па така работат и во испитна сесија и тоа го менаџираат како што знаат, бидејќи работата е важна за издржување, особено ако доаѓаш од друг град.
„И кога си во група на факултет каде сите твои колеги работат, малку е и чудно чувството да не работиш. Критериумот сега е поставен како ‘ти можеш да го правиш тоа, ти треба да го правиш тоа, треба да работиш, треба да учиш, треба да пишуваш, треба сè да постигнеш’, па дури и самите наши професори нон-стоп нè прашуваат дали сите работиме и сето тоа им е малку чудно“, вели таа.

„Еве и нашава генерација (миленијалци), го чувствува баш тој бран на ‘едно сме учеле, едно сме очекувале’, а светот е малку поинаков и сега многу често приметувам дека нашата генерација се зема сè повеќе работни обврски, повеќе работи одеднаш работат некаде, па сега има некоја поголема нестабилност, поголема неизвесност и финансиските услови се поинакви“, вели тој.

Ангела споделува дека моментално, ако не сите, тогаш 95% од колегите од генерција имаат работни места, па така работат и во испитна сесија и тоа го менаџираат како што знаат, бидејќи работата е важна за издржување, особено ако доаѓаш од друг град.

„И кога си во група на факултет каде сите твои колеги работат, малку е и чудно чувството да не работиш. Критериумот сега е поставен како ‘ти можеш да го правиш тоа, ти треба да го правиш тоа, треба да работиш, треба да учиш, треба да пишуваш, треба сè да постигнеш’, па дури и самите наши професори нон-стоп нè прашуваат дали сите работиме и сето тоа им е малку чудно“, вели таа.

Милена се надоврзува дека таа како студентка, покрај факултетот секогаш има дополнителен курс или дополнителна пракса.

„Работам со три различни организации, постојано следам рокови за кои стипендии да аплицирам, на кои истражувања да аплицирам, секогаш е тука моментот дека сакаш и ти да си фит, сакаш да имаш социјален живот, се следи нутриција...“, вели таа.

Според Кирил, Gen Z и најмногу го имаат почувствувано pre&post корона преминот, зашто ако до пред корона кризата важеа едни правила, сега важат други правила, баш во нивните развојни години коишто создаваат несигурност кога нема стабилен grounding, па тоа е плодно поле за прегорување.

„Не е дека човек може да прегори само од работа, тоа се случува и кога ќе се соберат наеднаш бројни фактори. Може да има психо-емоционални процеси плус поврзани со работниот процес, многу капацитети се трошат во ваквиот начин на живот. Не ни е толку природно да имаме вакви услови, да се бараат толку многу нешта од нас како индивидуи. А со прегорувањето си доаѓаат и други работи – анксиозност, депресија“, посочува тој. Според Националната стратегија, 48% од младите пријавиле чувство на тага и празнина.

Појавата на анксиозноста ја чувствува и Ангела, дополнувајќи дека цело време ја турка под тепих.

„Прашањето е кога ќе се дипломира – дали во рок, дали ќе се одолговлекува. Веќе не можеш да размислуваш ‘јас сум студент и можам да работам било што’, туку морам да почнам да размислувам за работа

која ќе ме направи 100% финансиски независна. Постојано си во вода. И мораш самиот да најдеш камен на кој ќе се потпреш“, вели таа.

А ден за себе, можеби ќе се запрашаат наивните. Денот за себе одамна не постои. Да постоеше, би бил вишок ден помеѓу сабота и недела, каде саботата е да ги завршиш обврските што ти останале од петте работни дена, а неделата е ден да се подготвиш за одново да започнеш во понеделник (читај, да си анксиозна) каде се работи само шест часа на ден. Едноставно, не може да се избега од тоа чувство, а тоа го потврдува и Милена.

„Кога имаме денови за одмор,  барем најголем дел од луѓето што ги знам, веднаш го добиваш чувството дека запаѓаш позади другите, дека пропушташ шанси и чувствуваш грижа на совест да не преземаш нешто во тој момент зашто само седиш. А тоа не е седење, има разлика меѓу непродуктивност и одмор, јас ако решам дека сакам да лежам, нема да се одморам бидејќи ментално ќе бидам напната зашто само лежам тој ден. За мене продуктивен одмор би бил да се прошетам, да прочитам книга, на некој начин пак да го имам окупирано мозокот за да не ми дојдат тие мисли дека јас нешто пропуштам и јас нешто треба да правам. А тоа е доста присутно меѓу мојата генерација“, вели таа.

Надоврзувајќи се, таа посочува дека при една јануарска рефлексија сфатила дека ја пречкртала to-do листата од пред некоја година – отсекогаш сакала да патува, да работи и да студира во исто време. И покрај тоа што го постигнува ова, ѝ доаѓа моментот на „дали е навистина ова животот што го сакав“?

„Како психолог, сега ја имам и другата перспектива и едноставно можам да рефлекторам дека ние луѓето како социјални битија, најголем дел од значењето ни се сведува на нашите социјални релации, па до некој степен потфрламе како дисоцијална генераница бидејќи сите сме толку хипефокусирани да постигнеме некој вид на успех, меѓутоа тоа е светот во кој живееме, односно тоа е целиот наратив на овој доцен капитализам во распад“, вели таа. Според Националната стратегија, најголемиот страв со кој се соочуваат 40% од младите е осаменоста, стравот од отфрлање (33%) и изолација од пријателите (27%).

И сега, при крај на овој текст доаѓа најтешкото прашање – како да се реши проблемот со прегореноста кај Gen Z, која истовремено е најсвесната генерација за менталното здравје, а истовремено и

најпрегорена, бидејќи знаете, расте и се развива во дно кое одамна не е само дупло.

Кирил вика – свесноста. Знае, знае, и тој дека е прелесно да се каже, но послушајте го кога вели дека свесноста е моќна алатка за овие работи.

„Треба да сме свесни што сакаме, што можеме и што е изводливо во дадена ситуација Сега ова е вака лесно да се каже, ама ние сме комплексни суштества, многу работи ни се случуваат внатре во нас и во околината воедно, така што не се така едноставни во реалноста можеби, но сепак свесноста е моќна алатка и јас би рекол дека тука е моментот дека не можеме сѐ наеднаш. Можеме многу работи, но многу е тешко сѐ наеднаш – не е тешко, невозможно е“, заклучува тој.

И за Милена справувањето со прегореноста е зависно од нивото на свесност (не се имаа договорено, јас потврдувам) кај себеси и подготвеноста да сфатиме дека контролата е до некој степен илузија.

„Треба да се препуштиме на тоа што ќе биде, меѓутоа да почнам од себеси, па потоа сите други, никој не е подготвен тоа да го направи, иако сме свесни дека менталното здравје е од исклучително значење, многу мал дел од нас го приоретизираат тоа бидејќи едноставно системот не е направен на таков начин. Меѓу Gen Z има највисока стапка и на депресија и на анксиозност и други типови на растројства, така што свесни сме и пробуваме да направиме некоја промена, меѓутоа има долг пат додека да стигнеме до тоа“, вели таа.

Нешто што долго ќе го паметам од процесот на пишување на овој текст е реченицата „личната добросостојба е во голема мера лична одговорност“, мантра која ќе се обидам да ја употребам во секојдневјето, да ја искористам за caption на фотка на Инста, а можеби, можеби, ќе се одјавам и на неколку мејла со неа.

Но уште поважно, таа е одговор за прашањето како да се советува генерација која е свесна за својата прегореност, но продолжува да се труди, бидејќи што друго останува кога владее тотална несигурност. „Личната добросостојба е во голема мера лична одговорност,“ вели Кирил, додавајќи дека тоа нѐ навраќа на искуството и фактот дека некој работи апсолутно мораат да се искусат за да се сфатат, односно народски кажано: „не може со инка памет да се става во главата“.

Сигурна сум дека младите не се само прегорени, туку и изгорени од ситуации каде нивниот труд не бил ценет. Знаејќи се и знаејќи ги, знам дека некои лекции се тешко да се научат, а некои прават да се трудиме уште повеќе.

Според Кирил, некои од нас може така да тераат подолго време, некои не, па суштината е човек да истражи што може, што не може, што сака, што не сака, што не може во моментов – треба да собере вештини, да изгради за понатаму.

„Мислам дека нешто што би можеле да дадеме на Gen Z како постара генерација е нашата поддршка. Со тоа што ако зборуваме за одговорност, не е дека и заедницата и општеството немаат своја одговорност. Си имаа и тие одговорност. Ние си имаме проблем во нашето општество со граници и и одговорност, би било убаво да се пружа простор, да се пружа поддршка, поткрепа, на сите помлади генерации, за да можат и тие да искусат, да имаат нешто на кое можат да се потпрат, а не начисто да попуштат, па да има посериозни последици на менталното здравје и на здравјето општо. Искусување. Така учиме ние луѓето, преку искусување“, посочува тој.

Ако уште сте во процес на „знам, ама морам уште ова“, Милена посочува дека лично ѝ помогнала медитацијата.

„Ме научи да си дадам простор помеѓу моменталната ситуација и мојата реакција, бидејќи мојата реакција е единственото нешто што можам да го контролирам“, вели таа.

Тука конечно доаѓаме до крајот на овој текст и до моментот кога сфатив дека и јас потпретерав во реализацијата на текстов, па во име на мојата, па и вашата добросостојба тука некаде завршувам, сугерирајќи да ја чуете Who од Томи Кеш, да тој Томи Кеш, потоа Espresso Macchiato (иако реално не морате), па повторно Who чисто за потсетник дека понекогаш, работите се скоцкуваат и станувате успешни кога најмалку се трудите.

Авторка на оваа колумна е Ивана Смилевска. Таа е службеник за комуникации во АЛДА – Скопје, со искуство во истражувачко новинарство и дигитални комуникации. Добитничка е на награди за новинарство и кратка проза и активно работи со млади.

**ИВАНА СМИЛЕВСКА**

# Студентскиот живот во Македонија: Помеѓу амбицијата и преживувањето

Очекувањата за „најубавите години од животот“, исполнети со мигови кои инспирираат знаење и визија за иднината, кај студентите во Македонија често се соборени кога ќе се соочат со реалноста која често наликува на тест за издржливост за голем број од нив. Предизвиците кои се јавуваат, доведуваат до тоа секојдневно да се поставува прашањето: дали нашиот систем создава идни лидери или млади лица кои спасот го бараат надвор од државата? Студентскиот живот во Македонија одамна не е само академски пат, туку судир меѓу амбицијата и суровите услови со кои се соочени младите.

Значаен проблем во дел од универзитетите сѐ уште се застарените методи на настава, кои доцнат децении зад Светот, долги години тука се вбројува и бирократијата, што е голема пречка за лесна достапност и обликување на квалитетен академски граѓанин.

Значителна бројка од студентите е погодена од финансиски притисок, бидејќи трошоците кои се нужни во студентскиот живот , во споредба со економскиот стандард во државата, за многу студенти го прават студирањето луксуз. Поради ова програмата Work &Travel за студентите во пракса често претставува излез – финансиски спас, не само искуство и авантура, а разликата во споредба со животот во странство може да доведе до тоа понатаму да биде и чекор за иселување.

Состојбата во студентските домови, катастрофалните услови што претставуваат еден инфраструктурен шок и години долг проблем укажуван од студентите, само го потврдува фактот дека студентот во Македонија се бори за основни достоинствени услови за живот.

Сепак, има и трошка надеж во сето тоа сивило. Постојат и универзитети кои се стремат да овозможат современ, квалитетен и достоинствен стандард во високото образование и нудат услови кои ги подобруваат студентските денови на еден студент. Но, промени, чекор по чекор, во аспект на подигање на високото образование на повисоко ниво на квалитет и можност секој иден студент да го искуси на најдобар начин студентскиот живот е нужност во државата, а гласот на студентите кој сѐ повеќе е присутен, за државата треба да биде дополнителен двигател и аларм за решавање на ова прашање.

Студентскиот живот во Македонија не смее да остане синоним за „преживување“ низ дефектни системи. Ако третманот на студентите остане обична статистика, бројка во системот, не треба да биде изненадување кога најголема амбиција на студентите ќе стане билетот во еден правец. Инвестирањето во достоен стандард е единствен начин да се создаде интелектуална екипа, која ќе избере да остане и да ја гради иднината во оваа држава, наместо да биде мотор на туѓи економии. Дали и Вие верувате дека нашите студенти се само бројки во системот?

*Автор на оваа колумна е Мила Арсиќ, студентка во четврта година на правни студии при УЈИЕ Тетово. Таа го насочува својот интерес кон правните науки и примената на правдата во секојдневниот живот на граѓаните. Покрај факултетските обврски, таа се интересира за општествени теми, дигитална креативност и анализа на предизвиците со кои се соочуваат студентите.*

**МИЛА АРСИЌ**

# Корупцијата во образованието-јавна тајна за која сите молчат

Корупцијата во Македонија е секојневие во образовниот систем, со поттикнување и опфаќање на непотизмот, присилбата и партизацијата. Овој систем произведува корумпирани граѓани, а не образовани или стручни лица во својата област.

Иако целата држава знае и е сведок на овој систем, сите молчат и индиректно го поддржуваат. Студентите секојдневно разменуваат прашања кој асистент е „чиј син " или која „партиска книшка" е отворена за ново работно место. Моето лично искуство е само еден пример како функционира нашиот образовен систем, кој ми го „наруши" мојот животен сон.

Мојот сон за белиот мантил не згасна во амфитеатри, туку уште на огласната табла со резултатите за прием. Таму научив една лекција, која не ја пишува во ниту една медицинска книга: дека презимето тежи повеќе од знаењето. Додека јас ги броев моите поени од макоптрпно добиените петки, системот ги броеше „заслугите" на родителите на моите колеги. Бев одбиена не затоа што не знаев доволно, туку затоа што моето семејно стебло не беше дел од медицинската елита. На тој факултет не е приоритет да се примаат најдобрите идни доктори, туку да се сочуваат фотелјите за „наследниците".

Многу се чести вакви случаи во нашата држава кои се одразуваат и во текот на студиите. Студентите се изложени на притисок од професорите низ најразлични примери. Условувањето од страна на професорите со давање различни заповеди, услови или пак барања, го поттикнува и го води овој систем долго низ годините.

Студентите се принудени на молк и индиректно поддржување, затоа што секоја реакција се одразува на нив. Стравот од „повторно" полагање на испитот, непотпишување индекс, губење на година се само неколку од причините поради кои многумина студенти се принудени да молчат.

Но, резултатот на овој систем се одразува на секој од нас започнувајќи од приемот, па сè до дипломирањето. Корупцијата во образованието не завршува со дипломирање. Таа продложува во болниците каде нè лечат „дипломирани врски". Какви доктори ќе нè лечат утре? Дали сакаме да н è лечи доктор кој со пот и труд ја научил анатомијата, или пак, некој кој го наследил столчето на својот татко? Корупцијата во нашата држава не е само административен прекршок, таа претставува прашање за живот и смрт. Секојдневното поткрепување на корупцијата наштетува сè повеќе на животот на луѓето.

Сепак, надежта постои. Сè повеќе млади одбиваат да ја прифатат оваа реалност како нормална и почнуваат гласно да зборуваат. Промената не доаѓа преку молк, туку преку свест и храброст. Високото образование мора повторно да стане простор на интегритет каде знаењето е единствениот критериум, а не привилегијата.

Автор на оваа колумна е Климентина Ѓорѓевска. По нејзиното разочарување, таа одлучува да се запише на Правниот факултет. Паралелно со студиите, таа е професионално ангажирана како правник во приватна компанија, каде стекнува практично искуство и ги надоградува своите правни знаење.

**КЛИМЕНТИНА ЃОРЃЕВСКА**

# Во деветтиот круг на војната: можеме ли назад

Кога „ние и вие“ стана „ние против вас“? Кога „јас и ти“ станавме „јас против тебе“?

Кога почнавме сочно да се мразиме едни со други? Од кој темен агол на нашето постоење го црпиме уживањето во тоа да се валкаме со навреди? Груби и примитивни навреди што ги расфрламе наоколу, со надеж дека ќе ја погодат целта.

Толку ли е загадена и затруена нашата свест што ни причинува задоволство туѓата пропаст?

Ова требаше да биде текст за тоа зошто сме толку поделени и зошто живееме во ера на раздор и неслога. Тема што долго ми ги окупира мислите и секој пат неминовно застанува на најболната точка: зошто толку омраза?

Либералци против конзервативци, мажи против жени, капиталисти против социјалисти, стари против млади, христијани против муслимани, центарци против аеродромци, прилепчани против битолчани, турбофолкери против алтернативци, северџани против националисти, интелектуалци против теоретичари на заговор, Македонци против Албанци, сите против Ромите.

Пандемијата на омраза се чини дека ја има зафатено секоја клетка од нашето заедничко постоење. Никој не остана имун на симптомите, затоа што тие што ја шират се упорни во својата цел: сите да се заразиме.

Ако се обидеш рационално да ги соочиш со нивната нерационалност, се повикуваат на „природниот“ ред на нештата, на тоа кој стапнал прв на земјата, кого еволуцијата повеќе го наградила, кој кого прв нападнал. Секој обид за здраворазумна дебата завршува заробен во нивното тркало на бес, страв и соочување со сопствената немоќ.

Неодамна читав еден есеј од Лав Толстој напишан во 1900 година. Загрижен поради зовривањето на тензиите меѓу нациите, кои наскоро ќе кулминираат со Првата светска војна, Толстој расправа за штетноста на патриотизмот, кој во пракса не се разликува многу од национализмот. Тој

објаснува дека патриотизмот што луѓето го живеат во тоа време, наместо благородна љубов кон својата држава, е всушност желба за надмоќ над другите, желба да се добие нешто за себе на сметка на другиот, која неизбежно води кон конфликт и војна.

Повеќе од 100 години подоцна, истата дефиниција важи и за многу други, навидум добронамерни преференции кон своите. Наместо чувство на припадност и емоционална поврзаност со своето, ние му посакуваме пропаст, болка и поништување на туѓото, на сè и секој што е различен од нас.

Да сме различни е нормално. Имаме различни мината и искуства, сме биле изложени на различни нешта, сме растеле под различни закани и со различни придобивки.

Во ред е да сме различни ако нашата различност се гради врз темелот на моралните вредности. На она што како колектив сме одлучиле дека е добро, наспроти она што е лошо.

Демократски е да имаме различно мислење или став за една иста работа и тоа отворено да го дебатираме, да се расправаме, па и да не се согласиме.

Но нашата различност не е она што ја расцепи огромната провалија што постои меѓу нас.

Во ерата на поствистина, ние повеќе не расправаме различни мислења за истите факти. Се расправаме за различни „факти“. Секој живее во својата вистина, која често нема допирни точки со туѓата.

Ја изгубивме заедничката реалност на дното на провалијата. Таа стана толку длабока и широка, што ни изгледа невозможно врз неа да изградиме мост на кој ќе се сретнеме. Го изгубивме заедничкото тло што е неопходно за демократска дебата.

Пред две години на социјалните мрежи на ИРЛ објавивме краток исечок од поткаст за насилство врз жените, во кој ја дискутиравме популарноста на Ендру Тејт, лице кое во моментот е под истрага за трговија со луѓе и сексуално злоставување на жени.

Бев убедена дека ова е тема за која сите се согласуваме. Но, коментарите ме изненадија. Мажи и жени „скокнаа“ да го бранат Тејт. Тврдеа дека им помага на младите мажи да станат успешни и бараа да обезбедиме доказ дека користи мизогин говор. Нивниот фид го претставуваше Тејт како успешен бизнисмен и „role model“.

Реалноста беше сосема поинаква.
Деградирачки говор, омаловажување, повици за насилство врз жени и нивно покорување беа само дел од работите што ги зборува Тејт.
Беше невозможно да се „договориме“ дали тоа што го прави е правилно или не. Зборувавме за сосема различни работи. Како да не дискутиравме за истата личност.

Пред последните избори во САД, доживеав реприза на овој надреален проблем. Поддржувачите на Доналд Трамп во Македонија споделуваа „факти“ што дотогаш не стигнале до мене, како неговата наводна анти-воена политика.

Едно Гугл пребарување не делеше од вистината. Во неговиот прв мандат тој ги засили воздушните напади и воените операции, како нападите врз сириската влада и убиството на ирански генерал.

Од денешна перспектива, наративот за неговата „мирољубивост“ е апсурден.

Аргументите што јас ги застапував, како неговите обиди за поткопување на изборите, дискриминаторските политики и отворената агресија кон независните новинари, за нив беа подеднакво непознати. Беше јасно дека во текот на кампањата сме биле изложени на комплетно различни содржини.

На едната страна Трамп беше претставен како миротворец, на другата како тиранин.
Тогаш сфатив дека не сме гледале во две страни на истата паричка. Сме гледале во две различни парички.

Ние не можевме да имаме аргументирана расправа. Секој се обидуваше да ја убеди другата страна дека ги има вистинитите факти, а другата лажните. И така, стоејќи на двата брега, тегнејќи се помеѓу лагата и вистината, суштината на разговорот пропадна во провалија.

Оваа невозможна дебата почна да се повторува со секоја тема што ќе ја отворев со неистомисленици. Без разлика дали станувaше збор за етнички односи, религија, родови прашања, државно уредување, човекови права, кучиња скитници или дали Земјата е рамна или топка.

Секогаш наидував на истото. Не дебатиравме за различни ставови на истата тема. Не се расправавме ни за различни толкувања на истите факти. Како да живеевме на две различни планети и се обидуваме да се договориме која нијанса е небото, а едното е сино, другото црвено.

Стигнуваме до проблемот на алгоритмите, современиот прозорец кон светот.
Мојот против твојот алгоритам, нашиот против нивниот.

Мојата игнорантност кон аргументите што ми беа туѓи, непознавањето на „фактите“ со кои бев соочена, дури и кога беа неточни, искрено ме загрижуваше.

Не пишувам од позиција на некој што е над проблемот. И јас сум дел од него. И јас сум производ на сопствениот алгоритам и на информациите што допираат до мене, кои се всушност мимикрија на моите ставови.

Избегнувајќи ја фрикцијата, онаа психолошка нелагодност што произлегува од соочување со спротивни ставови, се опкружувам со луѓе и содржини што ги зацврстуваат моите убедувања.

Овој механизам во психологијата се дефинира како „confirmation bias“, односно тенденција да се бараат и паметат информации што го потврдуваат нашиот постоечки став.

Во таква средина лесно се создава ехо-комора, затворен комуникациски простор во кој моите уверувања постојано се потврдуваат, а спротивните ставови ретко продираат. Бидејќи е полесно да го слушам сопственото ехо отколку да бидам предизвикана.

Нашите алгоритми се огледала на нашите убедувања. Тие не функционираат според принципот на вистина, туку според логиката на профитот. На интернетот кликот е валута, затоа предност имаат информациите што предизвикуваат повеќе емоции, а со тоа и повеќе реакции (кликови).

Секој од нас гледа само мал дел од интернетот. Дел што е скроен според неговите интереси и убедувања. Затоа информациите што го потврдуваат она што веќе го мислиме и чувствуваме, без разлика дали се вистинити или не, имаат најголема веројатност да стигнат до нас. И токму затоа приказните победуваат над фактите.

Како што образложува Јувал Ноа Харари во „Сапиенс“, луѓето за да функционираат во големи системи како општества не се обединуваат со факти, туку со митови и приказни. А алгоритмите тоа го прават умешно, ни ја даваат приказната што најмногу сакаме да ја слушнеме.

Алгоритмите не се некакви хумани конструкти на човештвото чија цел се информирани и обединети граѓани. Целта на технолошките компании е да заработат на сметка на нашето внимание, кое го продаваат на оние што имаат економска моќ и корист од тоа што ќе мислиме и на чија страна ќе бидеме.

Во светот на алгоритмите, предност нема вистината. Предност имаат бесот, стравот, навредата, омразата и конфликтот. Содржините што нè делат се најисплатливи.

Како што покажуваат бројни истражувања, дигиталните платформи не се јавни простори за дебата, туку комерцијализирани системи што ја обликуваат јавната свест според логиката на профитот.

Кому му одговара нашата поделеност, конфликтите и омразата што ја негуваме едни кон други?

Исто како што војните не се случајни, така не е случајност ни вжештувањето на меѓучовечките односи. Во секој конфликт има некој што профитира и некој што го извлекува подебелиот крај. Ова е нешто за кое речиси сите се согласуваме. Знаејќи го ова, сепак дозволуваме да бидеме вовлечени во раздорниот вртлог на судири кои во секој момент може да кулминираат во војни од кои мнозинството ќе изгуби, а малкумина ќе добијат.

Зошто? Зарем ова е напредокот на човештвото? Стотици илјадници години еволуција нè доведоа до овде? „Најпаметниот“ вид на планетата не може да ги препознае своите вистински интереси и одново и одново ги заборава кобните лекции што минатите генерации ги научиле на најтрагичен начин.

Во последниве месеци, додека сме во исчекување дали светските сили ќе нè втурнат во нова војна, случајно налетав на некои записи напишани за време на Втора светска војна. Психоаналитичарот Ерих Фром, како и многу други во тоа време, ги поставува прашањата: „Како е можно милиони мажи да убиваат невини луѓе од други народи и самите да бидат убиени? За што се борат? Како е можно двете страни да веруваат дека се борат за мир и слобода? Како беше можно да избувне војна кога сите тврдеа дека не ја сакаат?"

Во есејот што го споменав во воведот, Толстој предупредува дека тие што владеат, за да продолжат да владеат, мора постојано да создаваат чувство на закана. Да нè убедат дека сме во опасност и дека токму тие се тие што треба да нè заштитат. А за тоа да функционира, гневот мора да се распламтува и насочува. Од едните кон другите и обратно.

Но проблемот не е само во нив. Проблемот е и во нас. Затоа што ги прифаќаме тие поделби како природни, а не како вештачки, создадени од оние што имаат моќ над нашите мисли и емоции.

Џорџ Орвел во есејот „Белешки за национализмот" вели дека дејствијата се сметаат за добри или лоши не според нивната суштина, туку според тоа кој ги врши. Истото насилство, истата неправда и истата лага стануваат прифатливи кога ги прават „нашите".

Во меѓувреме, оние што имаат најмногу моќ добиваат токму тоа што им треба: поделено општество кое полесно се контролира и потешко се обединува околу заеднички интерес. Вжештена маса на народ која може да се распламти „на копче", кога мала група луѓе зад затворени врати ќе одлучи дека тоа е во нивен личен бизнис интерес.

Решението не е толку комплицирано колку што изгледа. Не можеме да ги смениме алгоритмите преку ноќ. Не можеме ни да ги смениме сите лидери и на нивно место да поставиме добронамерни луѓе што ќе ги застапуваат нашите најдобри интереси. Ниту можеме да го демонтираме системот што профитира од нашата поделеност. Но можеме да направиме нешто многу едноставно, да почнеме да разговараме.

Истражувањата покажуваат дека кога група луѓе со исти ставови дебатираат само меѓу себе, нивните ставови стануваат поекстремни и порадикални. Затоа е многу важно да излеземе од сопствените меури. Да се изложиме на мислења што нè нервираат, што не ни се допаѓаат,

што нѐ предизвикуваат и да издржиме во таа непријатност.

Затоа што демократијата не значи сите да мислиме исто. Туку да делиме заедничка реалност, дури и кога не се согласуваме.

Нашите вистински човечки интереси не се во судир. Потребите за достоинствен живот, добросостојба и здрава животна средина за сите се исти, без разлика на која „страна“ стоиме.

Првиот чекор можеби не е да се убедиме едни со други, туку да градиме мостови на кои ќе можеме да се сретнеме на пола.

„Ако некој каже: овде има провалија, ти кажи му: онде има мост.“ – Горан Стефановски

**ДЕНИЦА ЧАДИКОВСКА**

# Протест: Национален спорт на немоќните

Постои некоја посебна магија, едно волшебно чуство во самото стоење на улица, на минус температура дури се дереш за нешто толку радикално како...... држете се...... правда. Ау, фантастично! Група луѓе навистина мислат дека имаат збор во тоа како функционира светот. Но Сартр и Ками се изјаснаа – протестот е начин човекот да го дефинира својот морален став, дури и кога изгледа дека светот е апсурден и неправеден. И всушност затоа, ние пак излегуваме, пак викаме, пак бараме, затоа што што друго да правиме? Да оставиме корупцијата и неправдата да не' газат како неплатена сметка за струја, и тоа онаа јануарската? Не, фала.

Протестите секогаш биле последното прибежиште на оние што глупаво, наивно и слепо веруваат во праведност. Философите одамна расправаат за граѓанската непослушност – од Сократ што ја испи чашата со отров (принципите се поважни), до Маркс чие укажување е дека револуцијата е неизбежна кога богатите ќе станат премногу алчни. Ама па и, која е алтернативата? Гласање? Љубезно напишани и намирисани писма? Повик до правосудниот систем што функционира исто како јавниот превоз во Скопје? Можеби сите треба само тивко да седиме и да чекаме, можеби нешто ќе се створи само од себе и ќе изникне од почвата или уште полесно тоа нештото ќе падне од небото.

Да фрлиме око на последните протести во Македонија.
Борбата за чист воздух која што трае со години. Но што да се прави, таква ни е климата. Ете кажете како? Како? Со африкански танцов обред ли да повикаме силни силни ветрови, па да се спасиме од црнилово околу нас?! Под црнило мислев на воздухот, да не ме изгубивте читајќи па да ви залетал умот на бесмисленоста и нееднаквоста околу нас.
Исто така, случајот на Фросина Кулакова. Млада девојка покосена од беззаконик, и сега треба да веруваме дека ќе има правда затоа што се каат? Нели, сè се простува ако добро се покаеш. Ама тоа е, овој филм е веќе изгледан, и спојлер: завршува со олеснителни околности, односно „ млад е и има иднина." Ах, да, познатата одбрана со „светла иднина." Кога би имале жртвите таква светла иднина... Но, не грижете се, системот функционира – само не за вас.

Следно на дневен ред, случајот на Викторија Николова, е уште еден потсетник дека пешачките премини кај нас се само декорација. Како и во

многу други случаи на дивјачко и несовесно возење. Да не го заборавиме и малиот Алмир, четири годишно дете кое беше прегазено. Случај што требаше да биде јасно убиство, ама наместо тоа стана правен циркус. Поракатa е јасна: дотерај се и почни да се движиш во кругови кои еден ден можат да те извлечат од калта. Вмрежувањето е одговорт.

Нејсе претерав со сарказмот , да се вратиме на она што е битно а тоа е зошто протестираме? Затоа што молкот е соучесништво. Затоа што стоење во место додека светот се распаѓа не е опција. Затоа што дури и ако одговорните не слушаат, го чувствуваат притисокот. Протестите ги потсетуваат дека барем треба да се преправаат дека им е гајле. И гледано историски, понекогаш, само понекогаш, преправањето се претвора во вистинска промена – особено кога улиците одбиваат да молчат.

Но, ајде да бидеме реални. Протестите се исцрпувачки. Чекор по чекор, глас по глас, бараме нешто што одамна требаше да биде нормално. А што добиваме? Неколку млаки изјави, можеби некоја оставка за замајување на јавноста, и краток момент на заедништво пред сѐ повторно да заглави во истата монотонија Ама ако, ние пак се појавуваме. Можеби затоа што одбиваме да живееме во летаргија. Или затоа што знаеме дека молчењето тежи повеќе од уморот. Колку и да нѐ измори оваа борба, помислата на предавање е уште полоша.

Тоа е, наречете не' наивни, идеалисти, без „вистински" проблеми, сеедно, наречете не' како сакате. Но ние, граѓаните, ќе бидеме таму, на улиците, викајќи, затоа што ако не ние – кој? И кој знае? Можеби еден ден, системот толку ќе се исплаши од нас што всушност ќе си ја заврши работата. Замижете и замислете!

**АДЕЛА АСАНИ**